РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-5218/2

03-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 42-та седница, одржана на ден 27.11.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата со број 09-5218/1 од 15.11.2019 година, доставена од -------------, со наводи за постоење судир на интереси на градоначалникот на општина ------------ СЕ ОТФРЛА.

Согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија нема основ за постапување по предметот со број 09-5218/1 од 15.11.2019 година.

Предметот со број 09-5218/1 од 15.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-5218/1 од 15.11.2019 година е оформен врз основа на пријава доставена од лицето ----------------, во која се изнесени наводи дека вработувањето на ------------ во ЈОУДГ „--------------- е врз основа на постоење судир на интереси на градоначалникот поради роднинска врска.

Имено, како што е наведено во пријавата, кандидатката што го добила решението за работно место негувател – приправник во ---------------, на оглас објавен на 22.10.2019 година, е во роднинска врска со Градоначалникот на Општина -------------.

По разгледување на пријавата и приложените докази кон истата, поточно копие од извадок од дневен весник за објавен јавен оглас за вработување на неопределено време на едно лице на работно место негувател – приправник, како и копие од Одлука за избор на кандидат за вработување на неопределено време, со која за вработување на еден извршител на работно место негувател- приправник во --------------- е избрано лицето --------------, Државната комисија утврди дека во конкретниот случај не се содржани доволно елементи и податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

интереси, односно не се утврдени наводи кои упатуваат на непристрасно вршење на јавни овластувања и должности на Директорот на ------------------------, за остварување на приватен интерес, при донесувањето на Одлуката за избор на кандидат за вработување на неопределено време, број --------- од 12.11.2019 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата не може да утврди влијание од страна на Градоначалникот на Општина ----------- во постапката за вработување на извршител на работно место неговател- приправник во --------------, од причина што согласно законските одредби, во наведената постапка за вработување Градоначалникот на Општина ----------- не учествува во ниту една фаза од постапката.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК
Изработил:С.К
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК